

**ДЕЛ ОД ВИСТИНАТА ЗА МАКЕДОНЦИ ОД ЕГЕЈСКА И ПИРИНСКА МАКЕДОНИЈА ВО ПУБЛИКАЦИЈАТА „МАКЕДОНСКИ ИСЕЛЕНИЧКИ МЕРИДИЈАНИ“**

**Димитар (Таки) Костов Керамичиев беше познат психолог, кој своето знаење го пренесе на студентите на Факултетот за физичка култура, а својата практика на низа фирми и спортисти. Тој беше еден од претседателите на Матицата на иселениците од Македонија и човек кој голем дел од својот живот посвети на прашањето на Македонците од егејскиот дел на Македонија. Керамичиев беше еден од протераните кој го напушти своето родно место и се пресели во Република Македонија**

Димитар Керамичиев е роден на 2 август 1936 година во Костурското село Личишта (грчки Поликарпи), во егејскиот дел на Македонија. Своето образование го започна во родното место на грчки јазик, што подоцна му овозможи да полемизира на јазикот на непријателот. Средно образование завршил во Македонија, а во 1961 година дипломирал на Филозофскиот факултет во Скопје.

Потоа завршил магистерски студии на Факултетот за политички науки на Белградскиот универзитет во 1979 година на тема: „Општествено-економската положба на работниците и нивната мотивација за работа во организациите на здружен труд на индустријата во Скопје“. Во 1981 година почнува да работи на Факултетот за физичка култура, каде што предава психологија и психологија на спортот, и на оваа високошколска институција останува до своето пензионирање.

Родното место  на Таки македонското село Личишта, кое денес е прекрстено во Поликарпи,  се наоѓа во костурскиот крај. Тоа се наоѓа на неколку километри северно од градот Костур (Касторија) на источниот брег од Костурското Езеро во историско-географската област Корешта и на еден километар  северно од Маврово (во Беломорието),  и е  на надморска височина од околу 600 метри.

Селото Личишта во кое се вишнее црквата „Свети Атанасиј“  за која  се смета дека била изградена во текот на средниот век, е лоцирано покрај самиот брег на Костурското Езеро, кое претставува самостојна општина на Костурскиот округ. Во минатото, селото било мешана населба во која живееле околу триста Македонци и околу стотина турски жители. По иселувањето на Турците во 1924 година, таму се населиле околу двесте жители на бегалски семејства.

Според пишаните документи во текот на Втората балканска војна, селото Личишта било окупирано од страна на грчките војски. По завршувањето на Балканските војни, селото било вклучено во составот на Грција. На пописот од 1913 година биле евидентирани 380 жители, додека на пописот од 1920 година, во селото  имало 585 жители.









**Пишува: СЛАВЕ КАТИН**